*ОПШТИНА КАРПОШ*
*СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС*
*ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КУЛТУРА И СПОРТ*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 22, став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002), Програмата за активностите на Општина Карпош, во областа на културата за 2019 година, дел II. Програмски активности, точка 2. Финансиска поддршка за проекти од културата (Службен гласник на Општина Карпош бр.13/2018), а во врска со Одлуката за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка за проекти од културата бр. 09-573/8 од 30.01.2019 година („Службен гласник на Општина Карпош бр. 2/2019) се објавува

# ОГЛАС

**за доделување на Финансиска поддршка за проекти од културата**

## I. Право на пријавување

Право на пријавување имаат сите заинтересирани физички лица жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани во Општина Карпош за дејности кои ја опфаќаат дејноста култура во сите области, а кои со своите програми и активности придонесуваат за развој на културата во општината и пошироко.

Огласот е за проекти од областите: издавачка дејност, фолклор, музичко-сценска дејност, глума и ликовно - уметничка изложбена дејност.

Физичките и правните лица се должни во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги барат средствата.

## II. Потребни документи и услови за учество

**Физички лица:**

1. Лична карта во фотокопија,
2. Изработен проект и
3. Финансиски план на проектот.

**Правни лица:**

1. Организациона поставеност,
2. Изработен проект,
3. Финансиски план на проектот
4. Тековната состојба издадена од централен регистар на Република Македонија, не постара од 6 (шест) месеци.

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk; sport@karpos.gov.mk*

## III. Критериуми за доделување на финансиска поддршка

- Проектите да се од посебен интерес за граѓаните на општината од областа на културата,
- домашни и меѓународни настапи,
- потврда за организирање на културни манифестации
- постигнати успеси во последната година.

## IV. Висина на финансиската поддршка и рангирање

Во зависност од приложените документи, Општина Карпош висината на финансиската поддршка ќе ја додели во рамките на своите можности.

## V. Начин на пријавување

Документите можат да се достават по пошта на ул. Радика бр.9 - Скопје или во Архивата на Општина Карпош (во затворен плик), барака бр.2, со ознака „Не отворај“ и со назнака „За финансиска подршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2019 година “.

## VI. Рок за поднесување на документите

Рокот за поднесување на документите е заклучно со 31.12.2019 година, или до исцрпување на предвидените финансиски средства наменети за оваа намена, а ќе важи принципот „прв дојден, прв услужен“.

Исплатата на средствата ќе се изврши по завршувањето на изборниот процес.

Некомплетните документи нама да бидат разгледувани.

ОПШТИНА КАРПОШ